# 2.3 ЗАКОН ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

„Службен весник на Република Македонија”
бр. 53 од 11 април 2013 година

## ОСНОВНИ БАРАЊА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

Со Законот за безбедност и здравје при работа се опфатени следниве барања:

•Заштита при работа

•Хигиено – техничка заштита (ХТЗ)

•Безбедност при работа

•Здравје при работа

За реализација на наведените барања треба да се превземат и спроведат современи технички, здравствени економски, правни, едукативни и организационинмерки и средства насочени кон создавање на безбедни и здрави работни услови со цел да се сочува психофизичкиот интегритет на работникот, а истовремено создавање на дodадена вредност.

**Со Законот треба:**

- **Да се утврдат мерки за бебедност и здравје при работа, обврските на работодавачот и правата и обврските на вработените.**
- **Да се одредат превентивни мерки против професионални риззици и отстранување  на ризичните фактори за несреќа.**
- **Да се спроведе информирање, консултирање и обука на работниците и нивните претставници со нивно учество во планирањето и превземањето на мерки за безбедност и здравје.**

## ОСНОВНИ НАЧЕЛА ЗА БЕБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

**Обезбедување на заштита при работењето е уставна категорија со статус на основно право на секој работник – Член 32 од Уставот на Република Македонија.**

**Работодавачот мора при организирање на работата и работниот процес да предвиди, организира и реализира заштита при работа, со што е директно одговорен за неа – Закон за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Рпублика Македонија бр.53 од 11 април 2013 година”).**

## ЗКОНИ И ПРОПИСИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

**Хиерарсискиот распоред на законите и прописите според нивната тежина е следен:**

- **УСТАВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
- **ЗАКОН ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА**
- **ПОДЗАКОНСКИ ПРОПИСИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА**
- **АКТИ КОИ ЈА УРЕДУВААТ БЕЗБЕДНОСТА И ЗДРАВЈЕТО ПРИ РАБОТА**

**Подзаконските прописи ги пропишуваат надлежните министерства (Министерство за труд и социјална политика).**

**Актите се ниво на компанијата.**

# ПАРТНЕРИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА И ЗДРАВЈЕТО ПРИ РАБОТА

**Партнерите кои треба да бидат инволвирани за спроведување Законот за безбедност и здравје при работа се:**

- **Државата која го донесува Законот.**
- **Работодавачите кои имаат обврска да го спроведат.**
- **Работниците кои имаат право и обврска според Законот (претствник од вработените).**
- **Професионалци (стручни лица за безбедност).**
- **Медицински лица.**

## *Обврски на работодавачот*

Работодавачот има обврска да осигури безбедност и здравје при работа за вработените од сите аспекти во врска со работата.

Да превземе потребни мерки за безбедност и здравје при работа за вработените, вклучувајќи заштита од професионални ризици, обезбедување на информации и обука и обезбедување соодветна организацијани потребни средств за работа и заштита.

Да вовееде соодветни заштитни мерки и соодветни методи кои ќе го подобрат нивото на безбедноста и здравјето при работа на сите нивоа во организацијата.

Работодавачот, може обврските и работите во врска со безбедноста и здравјето при работа утврдени со Законот, да ги довери на овластени правни или физички лица, во колку тој не е во можност или нема соодветни стручни вработени и техничка опременост таквите работи и обврски самостојно да ги извршува.

**Право и обврска на секој вработен е да се грижи за сопствената безбедност и здравје и за безбедноста и здравјето на другите вработени, да дава предлози, мислења и забелешки за безбедноста и здравјето при работа на стручното лице и овластенат здравствена установа.**

**Владата на Република Македонија основа Соет за безбедност и здравје при работа како експертско советодавно тело.**

**Работодавачите учествуваат со тројца претставници.**

## ОВЛАСТУВАЊА

Министерот надлежен за работите од областа на трудот на правно или физичко лице кое ги исполнува условите во однос на вработените, организацијата, технички и други услови, му издава дозвола за вршење на следниве стручни работи:

•Проценка на ризикот.

•Редовно тестирање и контрола на работната опрема.

•Концепт на изјава за безбедност.

•Изработка и спроведување на програми за обука на вработените за безбедно извршување на работата.

•Вршење на периодични мерења на хемиски, физички и биолошки штетности микроклиматски услови во работната средина.

## НАДЗОР

**Надзорот над спроведувањето на одредбите од овој Закон го врши министеството надлежно за работите од областа на трудот, додека инспекцискиот надзор од областа на безбедноста и здравјето го врши Државниот инспекторат за труд восогласност со овој Закон и Законот за инспекција на трудот.**

## ОБУКА НА ВРАБОТЕНИТЕ

Со обуката треба да се изврши теоретска и практична обука на вработените за безбедно извршување на работата, врз основа на сопствена програма за обука и тоа:

•Пред да бидат распоредени на работното место.

•При преместување од едно на друго работно место.

•При промена на средствата за работа или технолошкиот процес.

•Во текот на работата треба да се превземат мерки за надополнување на знаењата на работникот од областа на безбедност и здравје при работа (нови прописи, сознанија и слично.

•На секои три години треба да се обезбеди проверка на оспособеноста за безбедност и здравје на работниците кои работат на работни места со зголемена опасност од настанување на повреди на работа и професионални заболувања.

# ИСПИТУВАЊА НА РАБОТНАТА СРЕДИНА

**Со Законот е предвидено да се вршат повремени прегледи и проверки на работната средина. Овие активности треба да се прават за следниве услови:**

**Повремените прегледи и испитувања на работната средина и опремата се прават на начин и во рокови пропишани во согласност со актот кој го донесува компанијата, какп и упатствата на производителот, техничките прописи и стандарди.**

**Проверките се изведуваат за следниве услови:**

- **Пред првата употреба.**
- **По реконструкција и хаварија.**
- **По пренесување од едно на друго работно место.**
- **По извршена на технолошката опрема.**

**Во работните и помошните простории во кои се изведува технолошкиот процес мора да се извршат испитувања на:**

- **Физичките штетности.**
- **Хемиските штетности.**
- **Биолошките штетности.**
- **Осветленост.**
- **Микроклимата во зимски и летен период и тоа: температура, релативна влажност и брзина на струење на воздухот.**

# ПРАВА НА ПРЕТСТАВНИКОТ НА ВРАБОТЕНИТЕ

**Претставникот на вработените има право да ги извршува следниве активности:**

**•Да ги посети работните места заради согледување на состојбата за безбедноста на работа.**

**•Да разговара со работодавачот за проблемите во врска со безбедноста и здравјето при работа.**

**•По потреба да ја извести инспекцијата и бара нејзин надзор.**

**•Да побара од работодавачот пристап до изјавите за процена на ризик.**

**•Непречено да ја извршува својата работа и функција преку обезбедување на потребни средства, бе да му биде намалена платата или да му се зголеми работното време.**